Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по историја за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ИСТОРИЈА

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2014

## 1 . НАЗИВ НА ПРЕДМЕТОТ

Предметот историја има значајно место во воспитно - образовниот процес во основното деветгодишно образование учениците со оштетен вид треба да усвојуваат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења. Тие треба да стекнат основно разбирање на минатото и сегашноста на историјата на цивилизациите и нејзините главни етапи. Изучувањето на историјата треба да изгради свест и позитивни ставови на одредени историски настани, движења, личности во историската борба за демократија и човекови права.

Наставта по историјата исто така дава придонес во изградувањето на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, да им помага на младите да ја разбираат сегашноста во светлината на минатото и се она што претставува цивилизациско достигнување во светот во духот на граѓанските вредности и демократијата, како и да го продлабочи интересот за натамошно изучување на историските настани и процеси.

Неделен фонд на часови: 2 часа
Годишен фонд на часови: 72 часа
Статус на предметот:  задолжителен

## 2 . ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

*Ученикот /ученичката:*

- да усвојува основни знаења за значајните настани, појави, процеси и личности кои оставиле трага во историјата на човештвото;
- да ги открива причинско-последичните врски на историските појави и развивање на критичкото мислење кон општествено - економските процеси низ сите историски развојни процеси;
- да ги спознава општествените процеси и промените кои се развиваат преку историските случувања;
- да ја сфати врската меѓу економските, политичките и социјалните односи во одделните општества низ историскиот развој;
- да го осознае историското минато со цел да ја разбере сегашноста, за да знае да ја креира иднината на сопствениот живот;
- да развива чувство на патриотизам кон својот народ и својата татковина, а истовремено да ги почитува историските, општествените и економските вредности и разлики на народите во светот;
- да знае да ги распознава културните и верските разлики меѓу народите;
- да разива чувсвто на почит и лојалност кон Република Македонија;
- да развива свест за сопствениот национален идентитет;
- да знае правилно да ги согледува настаните и процесите во сопствената историја и компаративно да ја согледува историјата на балканските и европските народи;
- да се поттикнува на меѓуетничко разбирање во Република Македонија и почит меѓу Македонците, Албанците, Турците и припадниците на другите заедници како и со народите на Балканот, Европа и светот преку изучување на историјата и културата на различните народи и држави;
- да го почитува историското и културното наследство на Македонија и другите народи и да развива почит за културните вредности;
- да гради свест за почитување на човековите права и слободи.

## 3 . ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ВО VIII ОДДЕЛЕНИЕ

*Ученикот /ученичката:*

- учениците да ги користат и соодветно да ги употребуваат суштинските поими и термини карактеристични за овој историски период како што се: акумулација, автономија, декларација, влада, мануфактура, нација, парламент, политички партии, коалиција, империјализам, меморандум, манифест, сталеж, револуција, анексија, емиграција, конгрес, конференција, просветителство;
- да ги идзвојуваат значајните настани, процеси, промени и личности што го одбележуваат периодот од крајот на VIII век до Првата светска војна;
- да ги наведуваат потребните објаснувања за причините за појава на граѓанското општество, формирањето на национални држави, воведувањето на парламентарна демократија и други придобивки значајни за овој историски период;
- да ја објаснуваат потребата од поблиска меѓусебна поврзаност и соработка меѓу балканските народи во борбата за национално, политичко, економско и културно ослободување од османлиското владеење;
- да дискутираат за културните придобивки на балканските народи и за нивното значење во осознавањето на нивниот национален идентитет;
- да осознаат за создавањето на балканските држави во XIX и почетокот на XX век;
- да искажуваат свои мислења, гледања и ставови за значењето и придонесот на МРО и нејзините истакнати дејци во борбата за ослободување од османлиското владеење и создавањето на автономна македонска држава;
- да даваат потребни објаснувања за оние придобивки од борбата на македонскиот народ, поради кои Илинденското востание и Крушевската република се епопеја на македонскиот народ

**4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ**

| Наставен предмет: ИСТОРИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| 1. СВЕТОТ И ЕВРОПА КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (ориентационо 12 часа) | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката**<br><br>❖ Учениците да стекнат знаења за научно-технолошкиот развој;<br>❖ Да го согледаат стопанскиот подем на Европа и развојот на меѓународната трговија. | ИНДУСТРИСКИОТ ПОДЕМ НА ЕВРОПА | Индустриска револуција<br>Електрична енергија<br>Технички пронајдоци<br>Граѓанство | Читање на тектови на Брајово писмо или зо зголемен и затемнет фонд за слабовидните ученици во врска со индустрискиот, спопанскиот и технолошкиот подем на Европа.<br>Разговор за меѓународната трговија. |
| ❖ Да ги сфатат причините за револуцијата;<br>❖ Да ги осознаат основните пораки и значењето на Декларацијата за правата на човекот и граѓаните. | ФРАНЦУСКАТА БУРЖОАСКА РЕВОЛУЦИЈА | Просветителство<br>Апсолутизам<br>Декларација<br>Револуција<br>Јакобинци<br>Жирондисти<br>Република | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за Француската буржоаска револуција и пишување на есеј за истата тема.<br><br>Пишување на есеи на Брајово |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Бастилја<br>Шарл Монтеские<br>Франсоа Волтер<br>Жан Жак Русо<br>Кралот Луј ЦВИ<br>Максимилијан Робеспјер | писмо за животот и делото на Шарл Монтеские, Франсоа Волтер, Жан Жак Русо,Кралот Луј XVI, Максимилијан Робеспјер. Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за Декларацијата за правата на човекот и ѓраѓаните. Читање на Делкарацијата и дискусија за истата. |
| ❖ Да го согледаат влијанието на Француската револуција кај другите европски народи;<br>❖ Да знаат за освојувањата на Наполеон Бонапарта;<br>❖ Да го согледаат процесот на национално будење на повеќе европски народи. | ЕВРОПА ПО ФРАНЦУСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | Директориум<br>Наполеон Бонапарта<br>Аустерлиц<br>Бородино<br>Битката на народите кај Лајпциг<br>Ватерло<br>Света Алијанса | Разговор за влијанието на француската револуција кај другите европски народи.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за освојувањата на Наполеон.<br>Пишување на есеј за Наполеон Бонапарта. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знаат за формирањето на САД и за нејзиното државно-политичко уредување;<br>❖ Да го согледаат економскиот подем и надворешната политика на САД. | ФОРМИРАЊЕ НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ И НИВНИОТ ПОДЕМ | Декларација за независност<br>Џорџ Вашингтон<br>Томас Џеферсон<br>Абрахам Линколн<br>Граѓанска војна меѓу северот и југот<br>Укинување на ропство | Читање на текстови на Брајово писмо или со зголемен и задебелен фонт за слабовисните ученици во врска со формирањето на САД и нејзиното државно-политичко уредување.<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за економскиот подем и надворешната политика на САД.<br>Пишување на есеи, попретходно извршени истражувања, за Џорџ Вашингтон, Томас Џеферсон, Абрахам Линколн. |
| ❖ Да знаат за прераснувањето на Русија во голема светска сила – реформите на Петар Велики и Катерина Велика;<br>❖ Да знаат за укинувањето | РУСИЈА ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Петар I Велики<br>Катерина II<br>Руска азбука<br>Руска флота<br>Москва<br>Санкт Петербург<br>кметство | Разговор за прераснувањето на Русија во голема светска сила.<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за Петар Велики и Катерина Велика.<br>Разговор за укинувањето на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на кметството во Русија;<br>❖ Да знаат за надворешната политика на Русија. | | крепосништво<br>Кримска војна<br>Париски мир | кметовството во Русија и надворешната политика на Русија. |
| ❖ Да знаат за појавата и развојот на парламентарната демократија во Европа;<br>❖ Да ги сфатат причините за појавата на социјалистички идеи и движења - Париска комуна;<br>❖ Да знаат за борбата на жената за политички права. | ПОДЕМ НА ЕВРОПСКАТА ДЕМОКРАТИЈА | Борба за национално ослободување<br>Париска комуна<br>Синдикати<br>Интернационала<br>Социјалистички идеи<br>Женско движење | Слушање аудио материјали за подемот на демократијата во Европа, разговор во врска со демократијата преку конкретни примери.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за Парискатa комуна и за борбата на жената за политички права.<br>Пишување на есеј за борбата на жената за политичките права. |
| ❖ Да ја сфатат борбата на големите сили за превласт во Европа, Азија и Африка;<br>❖ Да знаат за | ОДНОСИТЕ МЕЃУ ГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ (ОД КРАЈОТ НА XIX ДО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК) | Виктор Емаунел<br>Џузепе Гарибалди<br>Ото фон Бизмарк<br>Империјализам<br>Колонијални сили | Разговор и објаснување за борбата на големите сили за превласт во Европа, Азија и Африка.<br>Објаснување за меѓународното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| меѓународното групирање на големите сили и за појавата на меѓународните политички кризи. | | Колонијални поседи<br>Доминиони<br>Централни сили<br>Антанта | групирање на големите сили и појавата на меѓународните политички кризи. |
| ❖ Да ги лоцираат најважните културни достигања на планот на литература, ликовната и музичката уметност;<br><br>❖ Да знаат за најновите достигања во науката и техниката;<br><br>❖ Да ги сфатат промените во секојдневниот живот на луѓето (култура на живеење во XIX век). | КУЛТУРАТА И НАУКАТА ВО СВЕТОТ И ЕВРОПА | Вакцини<br>Бактериологија<br>Луј Пастер<br>Рентген<br>Х-зраци<br>Марија<br>Склодовска Кири<br>Пјер Кири<br>Атомска хемија<br>Атомска физика<br>Реализам<br>Чарлс Дикенс<br>Камиј Писаро<br>Клод Моне<br>Едгар Дега<br>Реноар<br>Џузепе Верди | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за најважните културни достигања и за значајните имиња во обласна на културата и науката.<br><br>Разговор за најновите достигања во науката и техниката. |

| 2. БАЛКАНОТ ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (ориентационо 30 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ Да знаат за слабеењето на централната османлиската власт и појавата на анархија;<br>❖ да знаат за економското опаѓање на државата и потпаѓање под зависност на европскиот капитал. | ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА ВО XIX ВЕК | Султан Абдул Меџит<br>Ѓулхански хатишериф<br>Хатихумајун<br>Рамазански закон<br>Чифлигарски систем<br>Абдул Хамид II<br>Источна криза<br>Берлински конгрес | Разговор за османлиската империја.<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за османлиска империја и за нејзиното економско опаѓање и потпаѓање под зависност на европскиот капитал. |
| ❖ Да знаат за борбата на балканските народи за културни и просветни права;<br>❖ Да знаат за појавата на национално-ослободителните | ОСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ДВИЖЕЊА НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ<br>ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ | Ригас Велестинлис<br>Филики Етерија<br>Караѓорѓе Петровиќ<br>Георги Раковски<br>Христо Ботев<br>Васил Левски | Разговор за борбата на балканските народи за културните и просветните права.<br>Пишување есеи на Брајово писмо за Голематта истоцна криза.<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| движења на балканските народи;<br>❖ Да ја сфатат суштината на Големата источна криза. | | Бугарска егзархија<br>Големата источна криза<br>Сан Стефано<br>Берлински конгрес | програм JAWS за Ригас Велестинлис, Филики Етерија, Караѓорѓе Петровиќ, Георги Раковски, Христо Ботев,Васил Левски,Бугарска егзархија, Сан Стефано, Берлински конгрес. |
| ❖ Да знаат за појавата на побогат граѓански слој кај балканските народи;<br>❖ Да го воочат процесот на развој и подем на интелигенцијата;<br>❖ Да знаат за развојот на занаетчиството и трговијата. | РАЗВОЈОТ НА ГРАЃАНСТВОТО ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ | Казанџиство<br>Кожарство<br>Кондураџиство<br>Сапунџиство<br>Ќучук-кајнарџискиот мировен договор<br>Свиштов<br>Адамантиос Кораис<br>Доситеј Обрадовиќ | Разговор и дискусија запојавата на побогатиот граѓански слој кај балканските народи.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за казанџиство, кожарство, кондураџиство, сапунџиство, ќучук-кајнарџиство и сл. |
| ❖ Да знаат за национално- | СОЗДАВАЊЕТО НА СРПСКАТА | Белградски пашалак | Читање на текстови на Брајово писмо или со зголемен и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ослободителната борба на српскиот народ;<br>❖ да го сфатат процесот на осамостојување на српската држава и нејзиниот развој;<br>❖ да знаат за самостојното автономно кнежевство Црна Гора. | ДРЖАВА | Првото српско востание<br>Караѓорѓе Петровиќ<br>Ичковиот мир<br>Второто српско востание<br>Милош Обреновиќ<br>Кнез Милан Обреновиќ<br>Александар<br>Петар I Караѓорѓевиќ | здебелен фонт за слабовидните ученици во врска со ослободителната борба на српскиот народ, процесот на осамостојување на српската држава и нејзиниот развој, за самостојното автономно кнежество на Црна Гора. |
| ❖ Да знаат за национално-ослободителното движење на бугарскиот народ - Априлското востание;<br>❖ да знаат за создавањето на | СОЗДАВАЊЕ НА БУГАРСКАТА ДРЖАВА | Априлско востание<br>Источна Румелија<br>Александар Батенберг<br>Фердинанд Сакскобурготски<br>Стефан Стамболов | Разговор за национално ослободителното движење на бугарскиот народ и Априлското востание.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за созадавањето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| независната бугарска држава. | | | на независната бугарска држава. |
| ❖ Да знаат за грчкото востание и стекну-вањето на независност на Грција. | СОЗДАВАЊЕ НА ГРЧКАТА ДРЖАВА | Александрос Ипсиланти<br>Влашка<br>Молдавија<br>Грчки крал Отон<br>Грчки крал Георгиос I<br>Голема Грција | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за созадавањето на независноста на Грција. |
| ❖ Да знаат за причините за создавањето на Скадарскиот, Јанинскиот и Бератскиот пашалак. | СОЗДАВАЊЕ НА АЛБАНСКИТЕ ПАШАЛАЦИ | Скадарски пашалак<br>Мехмет Паша Бушатли<br>Ахмет Курт-паша<br>Али-паша Тепелена | Читање на текстови на Брајово или видно писмо за причините за создавање на Скадарскиот, Јанинскиот и Бератскиот пашалак. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знаат за албанските востанија против Танзиматот;<br>❖ Да знаат за причините и крајот на востанието на Дервиш Цара. | АЛБАНЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ<br>НА ТАНЗИМАТОТ | Абаз-бег Лушња<br>Тафил Бузи<br>Танзиматски реформи<br>Дервиш Царе<br>Зенел-ага Ѓолекај | Разговор и објаснување за албанскиоте востанија против Танизиматот.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за причините и крајот на востанието на Дервиш Цара. |
| ❖ Да знаат за Руско-османлиската војна во 1877-1878;<br>❖ да знаат за источната криза и положбата на Албанците во Нишкиот санџак. | ИСТОЧНАТА КРИЗА И АЛБАНСКОТО ПРАШАЊЕ | Будимпештански договор<br>Абдул Фрашери | Читање на текстови на Брајово или видно писмо во врска со Руско-османлиската војна, како и за кризата и положбата на Албанците во Нишкиот санџак. |
| ❖ Да го објаснат влијанието на Сан-стефанскиот договор врз албанското | СОЗДАВАЊЕ НА АЛБАНСКАТА ПРИЗРЕНСКА ЛИГА | Призренско собрание<br>Имери Призрени<br>Илјаз Љоку | Разговор и објаснување за Сан-стефанскиот договор врз албанското прашање. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| прашање;<br>❖ да знаат за причините за создавање на лигата;<br>❖ да ги објасната основните програмски определби на лигата. | | | Читање на текстови на Брајово или видно писмо во врска со создавањето на лигата и основните програмски определби на истата. |
| ❖ Да знаат за вооружените отпори и борби против османлиската власт;<br>❖ да знаат за создавањето на привремената Албанска влада во Призрен и нејзиното значење. | БОРБАТА НА ЛИГАТА ПРОТИВ ОДЛУКИТЕ НА БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС | Али-паша Гуција<br>Ходо Соколи<br>Исуф Соколи<br>Призренска лига<br>Имер Призрени<br>Шуап Спахиу<br>Абдил Фрашери<br>Сулејман Вокши | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за привремената Албанска влада во Призрен и нејзиното значење, за Албанската лига во Пеќ, за првото албанско востание во првата половина на 1903 година, како и за создавање на албанскиот комитет „За слобода на Албанија„. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знаат за Албанската лига во Пеќ;<br>❖ да знаат за албанското востание во првата половина на 1903 година;<br>❖ да го објаснат создавањето на албанскиот комитет “За слобода на Албанија”. | АЛБАНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ од 1899 – 1909 ГОДИНА | Беса-бес или<br>Пеќски сојуз<br>Хаџи Зека<br>Бајо Топули<br>Таен албански комитет<br>Черчиз Топули<br>Михаил Грамено | |
| ❖ Да ги осознаат основните идеи на младотурците;<br>❖ да знаат за промените во Турција што се случиле со Младотурската револуција. | МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | Нови османлии<br>Младотурци<br>Абдул Хамид<br>Енвер-беј<br>Нијази-беј | Читање на текстови за идеите на младотурците, за промените што се случиле во Турција со Младотурската револуција. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знаат за односот на Албанците кон Младотурската револуција;<br>❖ да знаат за Битолскиот (1908) и Елбасанскиот конгрес (1909). | АЛБАНЦИТЕ ВО ВРЕМЕТО НА МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | Битолски конгрес<br>Албанска азбука<br>Иса Болетини<br>Темистокли Грмени<br>Перпарими | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за односот на Албанците кон Младотурската револуција, за Битолскиот и Елбаснаскиот конгрес. |
| ❖ Да знаат за причините и текот на востанието од 1909 година;<br>❖ да знаат за Вториот битолски конгрес и востанието во 1910 г.;<br>❖ да знаат за востанието во 1911 и за текот на општото востание во 1912 година. | АЛБАНСКИТЕ ВОСТАНИЈА ОД 1909 – 1912 ГОДИНА | Хасан Приштина<br>Дед Ѓон Лули<br>Меморандум со 12 точки „Црвена книга“<br>Бајрам Цури | Разговор за причините и текот на востанието во 1909 година, за Вториот битолски конгрес во 1910 година, за востанието во 1911 година и за текот на општот востание во 1912 година. |
| ❖ Да ги осознаат политичките прилики на Балканот и | БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ | Сојуз на балкански држави<br>Лондонски | Разговор за политичките прилики на Балканот и односите помеѓу балканските држави и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| односите помеѓу балканските држави и за создавањето на Балканскиот сојуз;<br>❖ да знаат за причините, текот и последиците од Првата балканска војна и Втората балканска војна. | | договор<br>Букурешки договор | создавањето на Балканскиот сојуз.<br>Пишување на есеј за создавањето на Балканскиот сојуз. |
| ❖ Да знаат за начинот на создавањето и прогласувањето на независната албанска држава;<br>❖ да знаат за меѓународното признавање на независноста на Албанија;<br>❖ да знаат за историското значење на создавањето на | СОЗДАВАЊЕ НА АЛБАНСКАТА ДРЖАВА | Исмаил Ќемали<br>Луиѓ Гуракуќи<br>Валонско собрание | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за созадавањето и значењето на независната албанска држава.<br>Разговор за привремената влада за одбрана на независноста на Албанија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| албанската држава. | | | |
| ❖ Да знаат за заложбите на привремената влада за одбрана на независноста на Албанија;<br>❖ да знаат за Албанија за време на владеењето на принц Види;<br>❖ да знаат за положбата на Албанците под српска, црногорска и грчка власт;<br>❖ да знаат за албанското септемвриско востание во 1913 година. | АЛБАНЦИТЕ И АЛБАНСКАТА ДРЖАВА ОД 1912 – 1914 ГОДИНА | Вехби Дибра<br>Принц Вилхелм Вид | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за Албанија за време на владеењето на принцот Види.<br><br>Разговор за положбата на Албанците под српска, црногорска и грчка власт. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знаат за кутурните прилики и соработката помеѓу одделни народи на Балканот;<br>❖ да ги воочат најважните достигања во просветата, литературата, театарот, сликарството, музиката, науката, архитектурата и др.;<br>❖ да ги објаснуваат промените во начинот на живот кај балканските народи. | ЖИВОТОТ И КУЛТУРНИТЕ ПРИЛИКИ НА БАЛКАНОТ | Универзитет во Атина<br>Велика школа во Белград<br>Вишо училиште во Софија<br>Вук Караџиќ | Разговор за културните прилики помеѓу одделните Балкански држави.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за најважните достигања во просветата, литературата, театарот, сликарството, музиката, науката, архитектурата и др. |
| ❖ Да ги согледаат заложбите за просветување на албански јазик; | ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА АЛБАНЦИТЕ ОД ВТОРАТА | Константин Кристифориди<br>Пашко Васа<br>Сами Фрашери | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за заложбите за просветување на албански јазик. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да знаат за албанските друштва во дијаспората;<br>❖ да знаат почетокот на албанската преродба и за првите преродбеници и културно-национални творци. | ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК ДО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК | Наим Фрашери | Разговор за почетокот на албанската преродба и културно-националните творци<br>. |

| 3. МАКЕДОНИЈА ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО КРАЈОТ ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (Ориентационо 30 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ Да знаат за приликите во Македонија (развојот на чифлигарството и појавата на феудална анархија);<br>❖ Да го воочат процесот на раѓањето на македонското граѓанство. | МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД XIX ВЕК | Феудална анархија<br>Махмуд-паша Бушатлија<br>Али-паша Јанински<br>Целадин-бег<br>Абдил-бег<br>Исмаил-бег<br>Чифлигарски систем<br>Чифликсајбија<br>Чифлигари<br>Македонски чорбаџии<br>Негушко востание<br>Анастас Караташо<br>Ангел Гацо<br>Зафиракис | Читање на текстови на Брајово за развојот на чифлигарството и појавата на феудалната анархија.<br><br>Разговор за раѓањето на македонскоти ѓраѓанство. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знаат за борбата на народна просвета, црковна литература и народен јазик;<br>❖ Да знаат за почетоците на печатарската дејност во Македонија;<br>❖ да знаат за уметноста и градежништвото. | ПРЕРОДБАТА И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА | Кирил Пејчиновиќ<br>Марко Цепенков<br>Константин и Димитар Миладинови<br>Григор Прличев<br>Теодосиј Синаитски<br>Ѓорѓија Пулевски | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за преродбата и културата во Македонија. Пишување на есеј за Кирил Пејчиновиќ, Марко Цепенков, Константин и Димитар Миладинови, Григор Прличев итн. |
| ❖ Да ги воочат основните причини за востание во Македонија;<br>❖ да знаат за подготовката, текот и последиците од Разловечкото востание; | РАЗЛОВЕЧКО ВОСТАНИЕ | Источна криза<br>Димитар по Георгиев Беровски<br>Поп Стојан од Разловци<br>Баба Недела Караиванова<br>Станислава Караиванова<br>Цоне Спасев | Читање на текстови на Брајово или видно писмо за причините за востание во Македонија, за текот и последиците од Разловечкото востание. Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за Димитар Поп |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да знаат за значењето и улогата на Димитар Поп Георгиев Беровски.<br><br>❖ Да знаат за причините за востанието и неговото подигање;<br>❖ Да знаат за создавањето на слободната територија, организацијата на власта и создавањето на македонската востаничка војска;<br>❖ Да го оценуваат значењето на востанието во борбата за македонска | КРЕСНЕНСКО (МАКЕДОНСКО) ВОСТАНИЕ<br><br>. | Димитар по Георгиев Беровски<br>Ѓорѓија Пулевски<br>Дедо Иљо Малешевски<br>Стојан Карастоилов<br>Кресна<br>Македонско востание<br>Штаб на македонската востаничка војска<br>Правила на македонскиот востанички комитет | Георгиев Беровски.<br><br>Разговор за создавањето на слободна територија, организација на власта и создавање на македонската востаничка војска.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за Кресненското востание. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| независност.<br><br>❖ Да знаат за создавањето на црковно-училишните општини;<br>❖ Да знаат за борбата против Цариградската патријаршија и за обидите за обновување на Охридската архиепископија;<br>❖ Да знаат за ширењето на туѓите црковни влијанија во Македонија. | БОРБАТА ЗА САМОСТОЈНА ЦРКВА | Димитар Миладинов<br>Јанаки Стрезов<br>Црковно-словенски јазик<br>Охридска архиепископија<br>Теодосиј Гологанов<br>Грчка пропаганда<br>Бугарска пропаганда<br>Српска пропаганда<br>Католичка пропаганда<br>Простенатска пропаганда | Разговор за создавање на црковно- училишните општини, борбата против Цариградската патријаршија и за обидите за обновување на Охридската архиепископија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да ги осознаат причините за миграциите од Македонија;<br>❖ Да знаат за начините на организирање, организациите и нивното функционирање;<br>❖ Да знаат за најважните македонски емигрантски здруженија (во Бугарија, Србија, Швајцарија и Русија). | МАКЕДОНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУШТВА ВО ЕМИГРАЦИЈА | Млада македонска книжевма дружина<br>Списание „Лоза“<br>Лозари<br>Врховен македонски комитет<br>Македонско друштво „Вардар“<br>Крсте Петков Мисирков<br>Македонски клуб<br>Весник „Балкански гласник“<br>Македонски таен револуционерен комитет<br>Весник „Одмазда“<br>Славјано-македонско научно литературно другарство<br>Димитрија Чуповски | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за причините за миграциите од Македонија.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за најважните македонски емигрантски здруженија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знаат за содавањето на МРО и нејзините програмски документи;<br>❖ да знаат за ширењето на МРО и нејзината воена организација;<br>❖ да знаат за појавата на врховизмот и неговите методи на делување. | ФОРМИРАЊЕ И ДЕЈНОСТА НА М Р О | Македонска револуционерна организација<br>Христо Татарчев<br>Даме Груев<br>Иван Хаџи Николов<br>Петар Поп Арсов<br>Христо Батанџиев<br>Андон Димитров<br>Солунски конгрес<br>Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО)<br>Задгранично претставништво<br>Устав<br>Правилник<br>Гоце Делчев<br>Војвода<br>Врховен македонски комитет | Читање на текстови за сотавање на МРО и нејзините програмски документи, за нејзиното ширење и воената организација. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знаат за животот, делото и значењето на: Гоце Делчев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Ѓорче Петров, Пере Тошев и Јане Сандански. | ИСТАКНАТИ ДЕЈЦИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА (МРО) | Гоце Делчев<br>Даме Груев<br>Петар Поп Арсов<br>Ѓорче Петров<br>Пере Тошев<br>Јане Сандански | Пишување на есеи за Даме Груев, Гоце Делчев, Петар Поп Арсов, Андон Димитров итн. |
| ❖ Да знаат за причините, поводот и подготовките за подигање на востанието;<br>❖ да знаат за солунските атенатати;<br>❖ да знаат за подигањето и текот на востанието. | ИЛИНДЕНСКО ВОСТАНИЕ | Врховистички провокации<br>Иван Гарванов<br>Солунски атентати<br>Брод „Гвадалкивир“<br>„Отоманска банка“<br>Смилевски конгрес<br>Солун<br>Смилево<br>Крушево<br>Клисура<br>Невеска | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за солунските атентати и за Солунскиот конгрес. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знаат за ослободувањето на Крушево и воспоставувањето на востаничка власт;<br>❖ да знаат да ги толкуваат пораките од Крушевскиот манифест и да го оценуваат значењето на Крушевската република.<br>❖ Да знаат за улогата на Никола Карев во создавањето на Крушевската република;<br>❖ Да знаат за крајот на востанието. | КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА | Горското началство<br>Никола Карев<br>Крушевска Република<br>Совет на републиката<br>Привремена влада<br>Крушевски манифест<br>Место Слива<br>Питу Гули<br>Мечкин Камен | Разговор за ослободувањето на Крушево и воспоставувањето на востаничка власт.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за Крушевскиот манифест и за Крушевската Република.<br><br>Разговор за делото и подвизите на Никола Карев при создавањето на Крушевската Република.<br><br>Читање на текстови за Илинденското востание. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знаат за угушувањето и последиците од Илинденското востание;<br>❖ да знаат за односот на големите сили кон положбата во Македонија;<br>❖ да го воочат делувањето на туѓите вооружените пропаганди во Македонија. | ПОЛОЖБАТА ВО МАКЕДОНИЈА ПО ВОСТАНИЕТО | Мирцештегски реформи<br>Рилски манастир<br>Рилски конгрес<br>Внатрешно македоно-одринска револуционерна организација (ВМОРО) | Разговор за односот на големите сили кон положбата на Македонија и делувањето на туѓите вооружени пропаганди во Македонија. |
| ❖ Да знаат за учеството на Македонците во Младотурската револуција и во нејзината одбрана;<br>❖ Да знаат за политичкото организирање и | МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | Јане Сандански<br>„Манифест до сите сонародници во империјата“<br>Народна федеративна партија<br>Димитар Влахов | Разговор за учеството на Македонците во Младотурската револуција и нејзината одбрана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| делување на Македонците во периодот на младотурците.<br><br>❖ Да знаат за учеството на Македонците во балканските војни;<br>❖ Да ја споgледаат окупацијата и поделбата на Македонија и соперништвото помеѓу балканските држави;<br>❖ Да знаат за Букурешкиот договор и неговите последици за Македонија и македонскиот народ.<br>❖ Да знаат за | МАКЕДОНИЈА ВО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ | Првата балканска војна<br>Втората балканска војна<br>Букурешкиот мировен договор<br>Македоно-одринско ополчение<br>Петар Чаулев<br>Јане Сандански<br>Мелник<br>Солун<br>Семакедонска конференција<br>Самостојна и независна Македонија<br>Меморандум до големите сили<br>Весник „Македонски глас“ | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за учеството на Македонците во балканските војни.<br><br>Разговор за поделбата на Македонија и соперништвото помеѓу балканските држави.<br><br>Читање на текстови за Букурешкиот договор и неговите последиви за Македонија и македонскиот народ. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| делувањето и активностите на македонската колонија во Петровград.<br><br>❖ Да ја оценуваат улогата на Димитрија Чуповски и на Крсте Петков Мисирков за одбрана на македонската национална посебност. | <br><br><br><br><br>АФИРМАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА МИСЛА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА | <br><br><br><br><br>Крсте Петков Мисирков „За македонцките работи“<br>Димитрија Чуповски Списание „Македонски глас“ | <br><br><br><br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм JAWS за активностите на македонската колонија во Петровград.<br><br>Пишување на есеи за улогата на Димитрија Чуповски и Крсте Петков Мисирков во одбраната на македонската национална посебност.<br><br>Читање на извадоци од делото на Крсте Петков Мисирков „За македонцките работи“. |

**Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма**

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби согласно, со видот и степенот на попреченоста, треба да да се практикува строго диференциран и индивидуализан пристап во рамките на воспитно - образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и секако академски постигнувања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- Да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- За учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост на дозволува наставниците да планираа исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- Доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвување на индивидуален образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе: одделението, содржините како и целта на нивното повторно обработување.

Учениците со оштетен вид кај кои во целост се зачувани интелектуалните способности се во можност без проблеми да ја следат и совладуваат наставната програма за седмо одделение по предметот историја. Она во што ќе се разликува работата со нив од учениците врсници е употребата на специфички дидактички средства и методи кои ќе им овозможат полесно да ги совладаат содржините и целите поставени во оваа програма. За таа цел наставникот употребувајќи ја својата креативност во работата и следејќи ги новите трендови при работа со ученици со оштетен вид во својата работа освен специфичните наставни помагала (ТВ лупа, Брајова машина, текстови на Брајова азбука, текстови зголемени и затемнети, релјефни историски карти, сњелл тоуцх машина, баккум преси итн) во голема мера ќе го употреби и вербалниот метод како и методот на објаснување и разговор.
Учениците кои покрај оштетен вид имаат и друг проблем во развојот (пр. интелектуални потешкотии) ќе наидат на проблем при совладување на посложените и потешките делови од оваа програма. За таа цел наставникот треба да ги дозира содржините според нивните потреби и можности и индивидуално да им пристапи.

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализацијата на наставната програма по историја намената за учениците од VIII одделение, се поаѓа од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците.

Наставните содржини се изучуваат преку историјата на секојдневното живеење, културата, обичаите, а не преку војните. Наставникот ги поттикнува учениците да се запознаат и да ги сфатат историските процеси, а не инсистира на фактографско помнење на сите датуми од историскиот период што се разработува. Наставникот ја има во предвид специфичноста на учењето и работењето на учениците со оштетен слух.

*Насоки за меѓупредметно поврзување*

Оваа наставна програма е структурирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањата на општествениот развој во историскиот период, а целите, содржините и активностите се компонирани за меѓусебно поврзување на одредени теми и содржини со наставните предмети од општествената група на науки (мајчин јазик, ликовна уметност, географија, општество, граѓанска кулутура и др.).

*Препораки за користење на годишниот фонд*

Препораките за годишниот фонд на часови се дадени само како ориентација заедно со конкретните цели и теми / содржини.

Предметниот наставник не се ограничува во прераспоредувањето на темите и содржините според потребите при реализацијата, туку сопствената креативност и поинаквото користење на часовите треба да го проценува според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитет на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

## Наставни средства:

- учебник по историја наменет за учениците од VIII одделение по избор на училиштето, а одобрен од министерот за образование и наука;
- користење на пошироката околина, односно истражување на локалната средина на историски и географски
објекти и остатоци на археолошки ископини од национална вредност;
- користење на историски карти, атласи, текстови, постери, фотографии, цртежи, карикатури, албуми, макети, хронолошки таблици итн.
- користење енциклопедии, речници, списанија итн.;
- користење аудио-визуелни средства - документарни и ТВ-филмови, Интернет, образовни софтвери итн.

# 6 . ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Според поставените цели на наставната програма по историја наставникот ги спроведува односно во текот на наставниот процес редовно ги следи и вреднува знаењата и постигањата на учениците и ги прибира показателите за нивните активности, потоа мотивираноста за учење - оваа компонента е основен и составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

- За проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставниот материјал и наставните теми дадени во наставната програма, наставникот треба да ги има предвид следниве компоненти:

- начин на проверување и оценување:
  - усно излагање со користење на знаковен јазик;
  - презентација;
- други средства и постапки за следење и оценување:
  - наставни ливчиња;
  - ученички квиз;
  - играње на улоги.

Постигањата на учениците во текот на целата учебна година се оценуваат со бројчана оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште, а донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8 . НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на наставната програма по историја за VIII одделение во основното деветогодишно образование предвидени се наставници со завршен:

-Завршени студии по историја наставна насока со дополнителна дефектолшка дообразба;

-Завршени студии по историја ненаставна насока со педагошко-психолошка и методска дообразба и дополнителна дефектолошка дообразба и

-Дипломиран дефектолог

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Адаптираната наставната програма по историја за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр.11-15645/1
30.09.2014 година

Министер

______________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Ирена Борисовска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор